«III К.бр.1906/17»

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ**, како првостепен кривичен суд, преку судијата Марија Клетничка Марковска, како судија поединец, со записничар Емилија Јовановска – судски работник, постапувајќи по кривичниот предмет, против обвинетиот Ш.Д. од С., **за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в. со чл.297 ст.3 в.в. со ст.1 од КЗ,** по обвинителниот предлог на ОЈО С. КО4 бр.812/17 од 20.11.2017 година, прецизиран во завршен збор на записник за главна расрава од 24.01.2018 година од страна на ЈО во ОЈО, по одржаната главна, јавна и усна расправа, во присуство на ЈО во ОЈО Миле Мојсовски, обвинетиот Ш.Д. со бранителите адвокат Г.Н. од адвокатско Друштво Б.К. од С. и адвокат Р.П. од С., оштетените М.Д.1, М.Д.2, И.Д., М.Д.3, сите од С. и полномошникот на оштетените М.Д.2, И.Д. и М.Д.3 и законскиот застапник на покојниот Е.А.- мајката С.А. од С. - адвокат А.П. од Адвокатска канцеларија В.Ф.П. од С., како и овластен судски преведувач од македонски јазик на албански јазик и обратно А.З., на ден 24.01.2018 година, согласно чл.381 од Законот за кривична постапка („Службен весник на Република М.“ бр.150 од 18.11.2010 година), ја донесе и јавно ја објави следната:

**П Р Е С У Д А**
**Врз основа на признание на вина**

**ОБВИНЕТИОТ:**

**Ш.Д.,** со ЕМБГ ..., од татко ..., мајка ..., роден на ... година во С., каде и живее, по лична карта се води во с.Ц.В а престојува во С., има регулиран привремен престој во Р.И., во Ф..., писмен со завршено основно образование, невработен, женет, татко на четири малолетни деца, Албанец, државјанин на РМ, неосудуван, не се водат постапки за други кривични дела, на кого од страна на Судија на претходна постапка на Основен суд С. I С. со Решение IV КПП.бр.540/17 од 15.09.2017 година, му се определени мерки на претпазливост и тоа: привремено одземање на патна исправа, односно забрана за нејзино издавање, повремено јавување на службено лице во Основен суд Скопје I С. и привремено одземање на возачка дозвола, односно забрана за нејзино издавање.

**В И Н О В Е Н   Е**

**ЗАТОА ШТО:**

«III К.бр.1906/17»

На 06.09.2017 година во 19,20 часот, како учесник во сообраќајот на јавните патишта управувајќи сопствено патничко возило „БМВ 320“ рег.бр... со национална ознака на ..., по регионалниот пат С. – ХЕЦ Козјак во насока од ХЕЦ Козјак кон С., не се придржувал кон прописите и со тоа го загрозил јавниот сообраќај така што го довел во опасност животот и телото на луѓето, на начин што кога дошол наспроти објектите на АД „С.“ постапил спротивно на чл.33 ст.1 и чл.89 ст.1 од ЗБСП, возилото го управувал со брзина од 64 км/ч која брзина не била приспособена кон својствата и состојбите на патот, со оглед да видливоста била намалена – било ноќе, густината на сообраќајот и другите сообраќајни услови на начин да може навремено да го запре возилото пред секоја пречка што под дадените услови можел да ја предвиди и возилото не го управувал со запалени долги светла, поради што со предниот дел од возилото удрил во задниот дел од трактор ИМТ 533 со број на шасија ..., сопственост и управуван од оштетениот М.Д.2 кој бил неосветлен и неозначен на задниот дел, а кој се движел по регионалниот пат С. – ХЕЦ Козјак во насока од ХЕЦ Козјак кон С. пред ПМВ „БМВ 320“, по судрувањето тракторот отишол во лево на делот од коловозот наменет за сообраќај на возилата од спротивната насока, по што излегол во лево надвор од коловозот и се превртел на десната страна, како резултат на што оштетениот М.Д.2 задобил тешки телесни повреди изразени во вид на нагмечување на главата, лицето и телото, рана на носот и усната слузница, скршеница на носот, горната вилица и крварење во шуплината на горната вилица, додека сопатниците во тракторот, сега покојниот Е.А. задобил тешки телесни повреди изразени во вид на повеќе фрагментарно скршување на носните коски, линиско скршување на долновиличната коска од левата страна, линиски и повеќе фрагментарни скршувања на коските од сводот и базата на черепот, крварење под меките мозочни обвивки, нагмечување на мозокот во предел на левиот челен резан, нагмечување на базалните јадра од мозокот, крварење во мозочните комори, иместување на зглобот помеѓу големиот отвор од тилната коска на базата од черепот и првиот рбетен пршлен со нагмечување на мозочниот мост, при што нагмечувањето на мозокот довело до пореметување и престанок на функцијата на важно виталните центри и последователно настапување на смртен исход околу 23,30 часот, оштетениот И.Д. задобил тешки телесни повреди изразени во вид на отворена скршеница на десната надколена (бутна коска), скршеница на палецот на десното стопало и нагмечно расцепна рана на палецот на десното стопало и оштетената М.Д.3 задобила телесни повреди изразени во вид на нагмечување и гребаници на градниот кош, а сопатникот во ПМВ „БМВ 320“, оштетената М.Д.1 задобила телесни повреди изразени во вид на набиеница на главата, крвен подлив околу левото око и набиеница

и огреботини на левото колено.

Со кои дејствија обвинетиот Ш.Д. од С., сторил кривично дело - Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в. со чл.297 ст.3 в.в. со ст.1 од КЗ, па согласно наведениот член, како и чл. 3, 4, 7, 29, 30, 31, 32, 33, 35, 39 од КЗ, како и чл.102, 105 и 114 од ЗКП, судот обвинетиот го

**О С У Д У В А**

**НА КАЗНА ЗАТВОР ВО ТРАЕЊЕ ОД 1-ЕДНА ГОДИНА**

Согласно чл.102 и 105 од ЗКП, судот обвинетиот Ш.Д. од С., го задолжува да плати на име судски паушал износ од 2.000,00 денари, на жиро сметка бр.100000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132 , програма 20, начин 2 примач Основен Суд С. 1 С., депонент НБРМ, како и да ги надомести трошоците во кривичната постапка во вкупен износ од 87.762,00 денари, се во рок од 15 дена по правосилноста на одлуката, а под страв на присилно извршување.

Согласно чл.114 ст.2 од ЗКП, оштетените М.Д.2, И.Д., М.Д.3, сите од С. и законскиот застапник на покојниот Е.А.-мајката С.А. од С., преку полномошникот А.П. адвокат од Адвокатска канцеларија В.Ф.П. од С., за предјавеното имотно-правно барање, се упатуваат на спор.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Основното јавно обвинителство С., до овој суд, на ден 12.12.2017 година, поднесе обвинителен предлог КО4 бр.812/17 од 20.11.2017 година против обвинетиот Ш.Д. од С., за кривично дело Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в. со чл.297 ст.3 в.в. со ст.1 од КЗ.

Постапувајќи по обвинителниот предлог, судот на ден 24.01.2018 година, закажа и одржа главна, јавна и усмена расправа во присуство на ЈО во ОЈО Миле Мојсовски, обвинетиот Ш.Д. со бранителите адвокат Г.Н. од адвокатско Друштво Б.К. од С. и адвокат Р.П. од С., оштетените М.Д.1, М.Д.2, И.Д., М.Д.3, сите од С. и полномошникот на оштетените М.Д.2, И.Д. и М.Д.3 и законскиот застапник на покојниот Е.А.-мајката С.А. од С. - адвокат А.П. од Адвокатска канцеларија В.Ф.П. од С., како и овластен судски преведувач од македонски јазик на албански јазик и обратно А.З..

«III К.бр.1906/17»

На главната расправа, по изнесување на содржината на обвинителниот предлог од страна на Јавниот обвинител, судот во смисла на чл.379 ст.5 од ЗКП, ги повика оштетените и нивниот полномошник да се произнесат по однос на имотно-правното барање, па така оштетените М.Д.2, И.Д. и М.Д.3, сите од С. изјавија дека предјавуваат имотно-правно барање, полномошникот на оштетените и законскиот застапник на покојниот Е.А.-мајката С.А. од С. - адвокат А.П. од Адвокатска канцеларија В.Ф.П. од С., изјави дека предјавуваат имотно-правно барање и се приклучуваат кон кривичниот прогон на обвинетиот, а оштетената М.Д.1 изјави дека не предјавува имотно-правно барање.

На главната расправа по дадените поуки на обвинетиот согласно Законот за кривичната постапка, обвинетиот согласно чл.380 ст.3 од ЗКП, беше повикан да се произнесе за вината. Обвинетиот даде изјава за признавање на вина, која изјава ја даде доброволно и свесен за правните последици од ваквото признание и последиците врзани за имотно правното барање и трошоците во постапката согласно чл.381 ст.2 од ЗКП.

Имајќи ја во вид ваквата изјава на обвинетиот, судот во доказна постапка пристапи кон изведување на доказите кои се однесуваат на одлуката за кривичната санкција и тоа изврши увид во потврда од Основен суд Скопје I С. КР-25334/17 од 16.10.2017 година на име на обвинетиот Ш.Д..

Во завршен збор Јавниот обвинител најнапред изврши прецизирање на диспозитивот на обвинителниот предлог како во изреката на оваа пресуда, остана во целост при прецизираното обвинение, сметајќи дека од предложените докази, како и од признанието на обвинетиот неспорно се утврди дека истиот го сторил кривичното дело на начин како што е опишано во обвинителниот предлог. Поради наведеното, предложи обвинетиот да биде огласен виновен и казнет според Законот, при што судот да ги цени олеснителните и отежителните околности и на обвинетиот да му изрече соодветна кривична санкција со која ќе се постигнат целите на казнувањето.

Полномошникот на оштетените М.Д.2, И.Д. и М.Д.3 и законскиот застапник на покојниот Е.А.-мајката С.А. од С. - адвокат А.П. од Адвокатска канцеларија В.Ф.П. од С., во завршен збор предложи судот обвинетиот да го огласи виновен, сметајќи дека од изведените докази неспорно произлегува дека истиот го сторил кривичното дело што му се става на товар. Воедно, истакна дека од предметната сообраќајна незгода згаснат е еден живот на дете, а четворица се повредени со последици кои

што се видливи по нивното здравје и ден денес. По однос на оштетното побарување предложи судот да ги упати на граѓанска парница.

Оштетените И.Д., М.Д.2 и М.Д.3 во завршен збор наведоа дека се согласуваат со завршниот збор на нивниот полномошник.

Оштетената М.Д.1 во завршен збор наведе дека не бара штета и не бара обвинетиот кривично да биде гонет, а воедно го моли судот обвинетиот поблаго да биде казнет.

Бранителот на обвинетиот Ш.Д. - адвокат Г.Н. во завршен збор предложи судот на обвинетиот да му изрече минимална казна согласно КЗ, имајќи ги предвид сите отежителни и олеснителни околности. Во тој контекст предложи судот при одлучувањето за видот и висината на санкцијата особено да има предвид дека станува збор за млада особа со оформено потесно семејство, татко на четири малолетни деца, фактот што обвинетиот ја призна вината за стореното кривично дело, со ниту едно дејствие не го попречуваше текот на постапката, уредно се јавуваше на поканата на судот и истиот изразува длабоко каење за стореното кривично дело, а исто така, судот особено да има предвид дека во оваа сообраќајна незгода целата вина не се наоѓа на страна на обвинетиот, односно придонес има и на страна на возачот на тракторот, поради што во незгодата и обвинетиот се здобил со повреди, а исто така и неговата сопруга.

Бранителот на обвинетиот Ш.Д. - адвокат Р.П. во завршен збор најнапред изрази сочувство на семејството за загубата на детето, истакнувајќи дека критичниот ден се случил настан со страотни последици на настапување смрт. Потоа, во однос на кривично правниот настан истакна дека виктимолошки изведено, ниту еден настан сам по себе не се случува ако нема придонес и утврдување на тој придонес за случување на сообраќајната незгода, посочувајќи дека во конкретниот случај се случила сообраќајна незгода во која има двајца учесници со пропусти кои довеле до настапување на последици. Во таа насока истакна дека не може да се игнорира однесувањето на учесникот кој управувал со тракторот и тоа го направил надвор од регулативата за обврски на возачите од таков вид на превозно средство, а да тоа не било директна последица таквото постапување да дојде до сообраќајната несреќа. Исто така, наведе дека исклучивото однесување на ПМВ силно упатува на одговорност на лицето кое управувало со тракторот, поради што при одмерување на одговорноста за пропустите на обвинетиот судот треба да поклони силна верба на наодот и мислењето на експертизата од вештото лице, бидејќи во таа анализа бранителот смета дека има голем придонес на лицето кое

управувало со тракторот. Ги посочи кочните траги за кои наведе дека не биле само на ПМВ, туку и на тракторот, што според бранителот упатува дека и возачот на тракторот реагирал на одредена опасност, инаку не би се случиле такви траги. Наведе и дека имајќи го предвид барањето на обвинетиот постапката да заврши итно, бидејќи тој живее и престојува во И., бранителот е согласен само со оценката што ќе ја направи судот на експертизата да оценува каков е соодносот на пропустите на едниот во однос на другиот соучесник, па во еден таков сооднос смета дека целта на казнувањето ќе биде исполнета и со условна казна, која како таква смета дека за други учесници можеби е построга од ефективна казна, бидејќи иако се работи за небрежно кривично дело, во иднина секое повторување на истото би дошло до отповикување на условот и обвинетиот би добил две казни за оваа условна и за идната. Бранителот наведе и дека обвинетиот е свесен и ветува дека во иднина нема да се случи ваков настан и дека ќе се клони од секакво повторување на делото.

Обвинетиот Ш.Д. во завршен збор наведе дека се согласува со завршните зборови на неговите бранители, а при тоа изрази сочувство на семејството на покојниот, како и длабоко каење и жалење за настанот и даде ветување дека нема да му се повтори.

Имајќи го во вид наведеното, судот донесе Пресуда врз основа на признание на вина, со која обвинетиот Ш.Д. од С., го огласи виновен за делото за кое се товари и му изрече кривична санкција како во изреката на оваа одлука.

Ова од причина што од увидот во потврдата од Основен суд С. I С. КР-25334/17 од 16.10.2017 година на име на обвинетиот Ш.Д., судот утврди дека обвинетиот Ш.Д. бил осуден со пресуда на Општинскиот суд Скопје II С. К.бр.899/94 од 04.03.1996 година, за кривично дело по чл.44 ст.2 од КЗ на СРМ, за кое му е изречена парична казна во износ од 30.000,00 денари, меѓутоа судот внимавајќи по службена должност оцени дека настапиле услови за бришење на оваа осуда од казнената евиденција на обвинетиот, а со тоа и негова законска рехабилитација. Имено, во конкретниот случај на обвинетиот му била изречена парична казна, која согласно чл.104 ст.3 од КЗ, се брише од казнената евиденција кога ќе поминат три години од денот на извршената, застарената или простената казна ако за тоа време осудениот не стори ново кривично дело. Имајќи во вид дека судот не располага со податоци дали и кога обвинетиот ја платил паричната казна, најде дека согласно чл.109 ст.1 т.6 в.в. со чл.111 ст.5 од КЗ, настапила апсолутна застареност на извршување на паричната казна, па судот смета дека се исполнети законските услови за бришење на оваа осуда од казнената евиденција.

Според тоа, судот на обвинетиот Ш.Д. наоѓајќи дека се настапени законски услови за негова рехабилитација во однос на осудата која евидира во неговата казнена евиденција, при оцена на неговото претходно поведение и одмерување на видот и висината на кривичната санкција му даде третман на неосудувано лице. Воедно, од понапред наведената потврда од казнената евиденција судот утврди дека против обвинетиот не се води постапка за друго кривично дело.

Судот при определувањето на видот и одмерувањето на висината на кривичната санкција ги имаше предвид сите околности предвидени во чл.39 од КЗ кои се од влијание за индивидуализација на санкцијата на обвинетиот. Како отежнувачки околности ги зеде зачестеноста на овие кривични дела, степенот на кривичната одговорност, објектот на заштита кај предметната инкриминација и последиците кои настапиле од кривично правниот настан, во кој повеќе лица се повредени со телесни и тешки телесни повреди, а притоа е згаснат еден млад човечки живот, како и околноста што оштетените М.Д.2, И.Д., М.Д.3 и законскиот застапник на покојниот Е.А.-мајката С.А. од С., предјавуваат имотно правно барање и се приклучуваат на кривичниот прогон, додека како олеснувачки околности ги зеде личните прилики на обвинетиот, односно фактот дека станува збор за релативно млада личност, роден ... година, како и неговата семејна и материјална состојба, односно фактот да истиот има оформено свое потесно семејство во кое е татко на четири малолетни деца, околноста дека не е вработен, а особено фактот што истиот не е осудуван и против него не се водат постапки за други кривични дела. Исто така, судот како олеснителни околности ги имаше во вид и држењето на обвинетиот пред судот, неговото целосно признание на вина и со тоа придонесот кон брзо окончување на постапката, како и околноста што истиот во неговиот завршен збор особено изрази сочувство на семејството на покојниот, како и длабоко каење и жалење за настанот и даде ветување дека нема да му се повтори, па имајќи ги предвид сите овие околности, судот обвинетиот го осуди на казна затвор во траење од 1-една година, како во диспозитивот на пресудата, сметајќи дека со вака изречената санкција ќе се постигнат целите на казнувањето, како на планот на специјалната, така и на планот на генералната превенција.

Согласно чл.102 и 105 од ЗКП, судот обвинетиот Ш.Д. од С., го задолжи да плати на име судски паушал износ од 2.000,00 денари, на жиро сметка бр.100000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132 , програма 20, начин 2 примач Основен Суд С. 1 С., депонент НБРМ, како и да ги надомести трошоците во кривичната постапка во вкупен износ од 87.762,00 денари, од кои износ од 1.500,00 денари (износ од 700,00

денари на име трошоци за увид, скица, фотодокументација и износ од 800,00 денари на име превозни и други трошоци за службени лица), а согласно приложениот трошковник на МВР на РМ, СВР за град С. од 06.09.2017 година, износ од 7.500,00 денари (6.750,00 денари нето износ за исплата и 750,00 денари персонален данок) за изготвување на вешт наод и мислење од 09.11.2017 година од страна на вешто лице Асс.Д-р Г.А. по однос на видот и карактерот на повредите кои ги задобил оштетениот И.Д., а согласно барањето за исплата на трошоци доставено од вештото лице Асс.Д-р Г.А., износ од 7.222,00 денари (6.500,00 денари нето износ за исплата и 722,00 денари персонален данок) за изготвување на сообраќајно – техничко вештачење СВ-01-09/17 од месец септември 2017 година, од страна на вешто лице М-р В.Г., а согласно барањето за исплата на трошоци доставено од вештото лице М-р В.Г. од 15.09.2017 година и решението за исплата на трошоци поврзани со кривичната постапка на ОЈО С. КО4.бр.812/17 од 15.09.2017 година, како и износ од 71.540,00 денари за извршена обдукција над покојниот Е.А. по фактура бр.05-1398/06 од 18.10.2017 година од Институтот се во рок од 15 дена по правосилноста на одлуката, а под страв на присилно извршување.

Согласно чл.114 ст.2 од ЗКП, судот оштетените М.Д.2, И.Д., М.Д.3, сите од С. и законскиот застапник на покојниот Е.А.-мајката С.А. од С., преку полномошникот А.П. адвокат од Адвокатска канцеларија В.Ф.П. од С., за предјавеното имотно-правно барање, ги упати на спор.

**Odлучено во Основен суд Скопје - I С.,**
**III.К.бр.1906/17 од 24.01.2018 година.**

Записничар,
Емилија Јовановска

Судија,
Марија Клетничка Марковска

**ПОУКА:** Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 8 дена од приемот на истата преку овој суд до Апелациониот суд во Скопје.

**Д-Н:** - на ОЈО С.
- на обвинетиот Ш.Д. од С. преведена на албански јазик
- на бранителот адвокат Г.Н. од адвокатско Друштво Б.К. од С.
- на бранителот адвокат Р.П. од С.
- на оштетениот М.Д.2 од С. преведена на албански јазик

«III К.бр.1906/17»

- на оштетениот И.Д. од С. преведена на албански јазик
- на оштетената М.Д.3 од С. преведена на албански јазик
- на законскиот застапник на покојниот Е.А.-мајката С.А. од С. преведена на албански јазик
- на полномошникот на оштетените и законскиот застапник - адвокат А.П. од Адвокатска канцеларија В.Ф.П. од С.